ФФМ

## ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 10 ДАТА 20.06.2016 ГОДИНА 34

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 10 ДАТА 20.06.2016 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЖЕНСКИ ФУДБАЛ НА ФФМ
- ТАБЕЛИ ОД ПРВА МФЛ И ВТОРА МФЛ ЗА ПРВЕНСТВО 2015/2016

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ "ГАЗИ БАБА" СКОПЈЕ

**Дополнување на документација од**

**Седница 16.06.2016 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Наумчевски Љ. Филип од НК „Рудеш„ од Загреб, Република Хрватска, по член 35/11.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Наумчевски Љ. Филип склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години, до Летен преоден рок 2018 година.

ФК „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Дурански Филип склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до летен преоден рок 2018 година.

ФК „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерот Садики Нехар склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години, до летен преоден рок 2018 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КРАТОВО

**Дополнување на документација од**

**Седница 16.06.2016 година**

❖ **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СИЛЕКС АД„ Кратово: Вујанац Р. Никола од ФК „Динамо„ од Врање, Репулика Србија, по член 35/11.

❖ **Склучување на професионални договори:**

ФК „Силекс АД„ од Кратово и фудбалерот Вујанац Р. Никола, склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година, до Летен преоден рок 2017 година.

**Седница од 20.06.2016 годинна**

❖ **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Младеновиќ Љ. Душан од ФК „Табане 1970„ од Јагодина, Република Србија за ФК „Силекс АД„ од Кратово по член 35/11 поради немање на сертификат, одобрение од Меѓународна комисија на ФФМ и паричен надоместок према Одлуката на Управниот одбор на ФФМ за петти странец.

Не се објавува професионалниот договор склучен помеѓу со ФК „Силекс АД„ од Кратово, и фудбалерот Младеновиќ Душан во времетраење од 4 (четири) години и поради немање на документ за вработување од надлежен орган на Република Македонија.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 20.06.2016 година**

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Танев Т. Љупчо од Фудбалскиот клуб „Габер„ од с. Ваташа за Фудбалскиот клуб „Љубаш„ од с. Манастирец, по член 35/3, поради неисправна документација. Фудбалерот не е член на ФК „Габер„ од кого е издадена исписницата, туку е член на ГФК „Тиквеш 09„ од Кавадарци и потребна е исписнца од ГФК „Тиквеш 09„ Кавадарци, а не од ФК „Габер„ од с. Ваташа.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Датум : **01 .06. 2016 година**

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 17-856/1
08.06.2016 год.

**Врз основа на член 106 од Правилникот за натпревари на ФФМ и член 30 и 31 од Пропозици за за натпреварување во Прва женска лига во организација на Фудбалската Федерација на Македонија, Комисијата за женски фудбал на ФФМ,постапувајќи по службена должност ,на седницата одржана на ден 01.06.2016 година донесе:**

***О Д Л У К А***

1. **СЕ УСВОЈУВА – ВЕРИФИЦИРА КОНЕЧНА ТАБЕЛА НА НАТПРЕВАРИ ВО ПРВА ЖЕНСКА ЛИГА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ЗА СЕЗОНА 2015-2016 ГОДИНА , СО КОЈА ПРВАК НА МАКЕДОНИЈА ВО ПРВА ЖЕНСКА ЛИГА Е ЕКИПАТА НА Ж.Ф.К."ДРАГОН 2014" – СКОПЈЕ СО ОСВОЕНИ 51 БОД.**
2. **ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ НА ЗНАЕЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФФМ – МАК ФУДБАЛ**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Комисијата за женски фудбал на ФФМ,по разгледување на целокунтата документација како и записниците од сите натпревари во Прва женска лига кој се регистрирани со постигнатите резултати, по одиграните 18 кола кој се одиграни од ден 30.08.2015 до 29.05.2016 година,првак во Прва женска лига е Ж.Ф.К.Драгон 2014-Скопје.

При вака утврдената фактичка состојба и со примена на одредбите на Правилникот за натпревари на ФФМ донесов Одлука како во диспозитивот.

**Поука:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12.000.оо ден.на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:
ЖФК "Драгон 2014"- Скопје
До сите Ж.Ф.К во прва лига
Макфудбал
Архива

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Комисија за женски фудбал
Претседател
Секуловски Ивица